

Со изведба на обредната молитва на актерот Тихомир Стојановски, придружуван од звуци на кавал утрово во 6 часот на Кокино беше реализран обредниот ритуал поврзан со митот за постанокот на светот во рамки на програмата „Бдеење на Кокински мугри“.

Археологот Јовица Станковски информира дека ваков ритуал изведувале праисториските жители на оваа света планина и со него го означувале почетокот на новиот живот кој се раѓа како резултат на спојување на сонцето со земјата.

- Обредниот ритал го изведувал врховен свештеник или племенски поглавар и тој седел на овој импровизиран престол и во моментот кога ја кажувал молитвата, сончевите зраци паѓале точно на него. Во науката овој свет брак меѓу небото и земјата, симболизира плодност и нов почеток. Со импровизација на одредени обредни ритали и откривањето на симболиката на маркерите, на Кокино му даваме една димензија која добива значење меѓу граѓаните во нашата држава, но и пошироко, изјави Станковски.

За актерот Тихомир Стојановски Кокино е едно од големите светски места, кое има посебен вид енергија, која се воспријема на поинаков начин за разлика од други места на земјата.

- Ми беше чест да бидам дел од оваа свето, божествено место кое со векови и милениуми било осветлувано во исто време и на исто место. Овде на Кокино се изведува еден друг вид на театар, кој на уметникот му пружа посебно задоволство и восхит, изјави Стојановски по изведбата на прастарискиот ритуал.

Во организација на археолозите од Кумановскиот музеј, беше презентирано печење на теракотна керамика на првобитен начин како што тоа го правеле овдешните жители пред околу 4.000 години. По завршувањето на ритуалот во програмата насловена како „Бдеење на Кокински мугри“ се вклучи и Друштвото на писателите од Куманово кои реализраа митинг на поезијата.

Манифстацијата беше дел од програмата на Кумановско културно лето поддржана од општина Куманово.